ЗК ПЕЛАГОНИЈА
А Д Битола, Република Северна Македонија

ЗК Пелагонија АД Битола е водечка компанија во рамките на агробизнисот во Република Северна Македонија.
Основна дејност на Друштвото е примарно земјоделско производство на нивски култури како што се пченица јачмен, маслена репа, сончоглед,пченка зрно, пченка силажа, одгледување на крупен добиток, сточарско производство, рибарство, градинарство и овоштарство.

Високото ниво на техничко – технолошко знаење , континуираното подобрување на квалитетот и квантитетот на млечното производство, воведувањето на нови сорти и високо приносни хибриди придонесуваат за зајакнување на позицијата на Друштвото на домашниот пазар и отворање на простор за освојување на странски пазари во регионот.

Нашата компанија прави особени напори за доследно пратење на светските трендови во земјоделството, со постојано инвестирање во зголемување на обработливите површини и сточниот фонд, со што компанијата го има приматот на најголем производител на храна во земјата.

**ЗК Пелагонија АД Битола има потреба од следната работна позиција:**

## ДИРЕКТОР ЗА СТОЧАРСТВО

**Опис на работното место**:

- Организација на целиот систем на работа во сточарството на ЗК Пелагонија АД Битола;
- Комплексна анализа на производните сточарски капацитети;
- Воведување на работни процедури во процесот на работа во сточарството;
- Вршење редовен и континуиран надзор над извршување на работите во сточарството;
- Вршење проценка на вработените во сточарството;
- Донесување одлуки поврзани со менацирање со сточарското производство и со вработените во сточарството;

- Управување со објектите – шталите, водење грижа за хигиената во објектите заради минимизирање ризик од болести кај животните
- Вршење работи поврзани со исхраната во сточарството;
- По потреба, а по претходна согласност на органот на управување на работодавачот да предложи нови проекти за воведување нови технологии врз основа на своите стручни знаења и стручно искуство кои ќе покажат подобри резултати при производството;
- зголемување на млеко производството по крава и профитабилноста на фармите

**Квалификации**:

- ВСС – Факултет за земјоделски науки и храна – смер сточарство или Факултет за ветеринарна медицина
- Претходно работно искуство од најмалку 5 години во фарма
- Одлично познавање на Англиски јазик, познавање на друг странски јазик ќе се смета за предност
- Одлично познавање на Microsoft Office пакетот (Word, Excel, Power Point, Outlook)
- Познавање на Афи Фарм Систем
- Возачка дозвола Б категорија

**Личен профил**:

- Високо развиени комуникациски и организациски вештини
- Способност за тимска работа
- Љубезен однос и одлична комуникација со вработените
- Способност за работа под притисок и во кратки рокови

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови, своите професионални биографии (CV) со назнака „Директор за сточарство" можат да ги испратат на е-маил: info@zkpelagonija.mk.

Работното место се однесува за Битола.
Сите пристигнати биографии ќе се третираат со максимална доверливост.
Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат повикани на интервју.